# Ново Срце

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година IV. бр. 115, Дата: 23. 01. 2012.**


## НЕПОТРЕБНИ ФАКТИ ОД ЖИВОТОТ

Во овој број одбравме неколку тривијални и непотребни факти, кои можеби ќе ве изненадат, шокираат, или ќе ве насмеат. А можеби ќе извлечете и поука.



- Вкупната тежина на сите мравки на планетата Земја е поголема од вкупната тежина на сите луѓе.
- Ако сакате да станете милијардер, за да заработите милијарда долари во една година, просечно морате во една секунда да заработите $31.69 долари, што значи на крајот на денот сте побогати за $2,739,726.03 долари.



- Цртаниот јунак на Волт Дизни, по име „Пајо Паторот“, бил забранет во Финска затоа што оцениле дека овој јунак може да ги повреди чувствата на граѓаните затоа што не носи гаќи.
- Хипопотомонстросесквипедалофобиа е страв од долги зборови.



- Во резервоарот на еден Џамбо џет има гориво со кое можете со својот автомобил да направите четири круга околу Земјата.
- Според изјавите на гурманите, желките имаат вкус на јаболка, а црвите-на пржена сланина.
- Уреа, хемиска состојка која се наоѓа во мокраќата, се додава во цигарите за да се зајакне нивниот вкус. А во некои цигари е пронајдено и ѓубриво/измет од некои животни.



- На секои 2 милијарди, еден човек доживува старост од 116 год.
- 40% од светската популација никогаш во животот не направила телефонски разговор.

Можеби последниот факт е најчуден, со оглед на тоа дека денес скоро сите ние имаме личен (мобилен) телефон и оствaруваме и по неколку разговори дневно.

Но има уште еден неверојатен и тажен факт: Секој човек на планетата има бесплатна „телефонска“ линија со својот Небесен Творец-Бог, па сепак само малкумина ја искористуваат таа привилегија да Му се јават и да разговараат со него.

Според една анкета, која била направена во Америка (веројатно и кај нас не е подобро), само 16% од оние кои се изјаснуваат како христијани, се молат редовно на Бог. Останатите Го бараат само кога им тоне „бродот“ или кога им гори под нозете.

Библијата е полна со стихови кои укажуваат дека треба секојдневно да го бараме Бог:
*Барајте Го Господа и Неговата сила, барајте Го секогаш Неговото лице! (Псалм 105:4)*

*”Молете и ќе ви се даде; барајте и ќе најдете; чукајте и ќе ви се отвори. (Матеј 7:7)*

*„со секаква просба и молитва, молете се во Духот во секое време, и заради тоа бдејте со сето постојанство и со молба за сите свети “ (Ефесјани 6:18)*

**Колку често ти ја користиш бесплатната,телефонската линија, кон твојот Творец ?**


**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**